# Изградба и опремување на училишни спортски сали и рехабилитација на средни и основни училишта

**Партнери**:
- Министерство за образование и наука

**Проценета вредност на проектот**:
- 61.8 милиони евра

**Придонес на билатералните донатири на ВБИФ** (**собрани во окромври** 2013):
- 3 милиони евра

**Банка за развој при Совет на Европа**:
- 42.5 милиони евра

**Придонес од Корисникот**:
- 16.3 милиони евра

**Почеток на Проектот**:
- Мај 2009 год.

**Предвиден крај на Проектот**:
- Декември 2018год.

Социјален сектор

Овој проект опфаќа изградба и опремување на 70 училишни спортски сали и рехабилитација на повеќе од 60 основни и средни училишта низ Република Македонија.

Започнат во 2009 како дел од поголема програма на Министерството за образование и наука, целта на овој Проект е да го подобри квалитетот на наставата и условите за учење, да ги подобри здравствените услови, да се зголеми стапката на запишување и да се поттикне инклузивниот социо-економски развој, нудејќи подобра средина за учење, вклучувајќи го и физичкото образование

Овој Проект е финансиран од два инвестициски гратови на ВБИФ, овозможени од придонесите на Билатералните донатори во рамката на ВБИФ, но и два гранта на Банка за развој при Совет на Европа (ЦЕБ) во износ од 42.5милиони евра. Грантот на ВБИФ овозможи реновирање на десет основни и шест средни училишта. Реновирањето опфаќа од замена на покрив, прозори и под, до реконструкција на санитарни објекти, отстранување азбест од покровите и поправање на електричниот и системот за греење.

**Резултати/Бенефити**:

На ниво на целиот проект:
- Изградба на 70 училишни спортски сали во основните и средните училишта
- Рехабилитација на повеќе од 60 основни и средни училишта.
- Зголемена заштеда особено во делот на електрична енергија и вода.
- Овозможен инклузивен социо-економски развој, кој нуди еднаков пристап до соодветни образовни објекти.

Инвестициски грантови од билатералните донатори на ВБИФ:
- Рехабилитација на дест основни и шест средни училишта.
- Нова училишна опрема за шеснаесет рехабилитирани училишта.
- Повеќе од 11,000 деца и 700 наставници ќе имаат бенефит од модерни образовни објекти.






Социјален сектор

**Основни училишта:**

- Коле Канински, Битола
- Наим Фрасери,Врапчиште
- Ванчо Прке, Штип
- Живко Чинго, Охрид
- Братство Единство, Гостивар
- Кочо Рацин, Кратово
- Браќа Миладиновци, Куманово
- Маршал Тито, Муртино-Струмица
- Св. Кирил и Методиј, Велес
- 25 мај, Скопје

**Средни училишта:**

- Кочо Рацин, Велес
- Љупчо Сантов, Кочани
- Таки Даскало, Битола
- Јосиф Јосифовски,Гевгелија
- Кирил Пејчиновиќ, Тетово
- Ибрахим Темо, Струга

### Што претставува инструментот Инвестициска рамка за западен балкан?

Инвестициската рамка за западен балкан (ВБИФ) е инструмент, основан во декември 2009година од страна на Европската Комисија, заедно со Банка за развој при Совет на Европа (ЦЕБ), Европската банка за обнова и развој (ЕБОР), Европска инвестициона банка (ЕИБ), Билатерални донатори и владите од земјите на Западен Балкан, чија цел е финансирање на стратешки проекти во земјите корисници.

Подоцна се приклучија и KfW и Светска банка, додека во јули 2017, KfW стана партнерска организација.

До крајот на 2017, придонесот на билатералните донатори достигна 75,36милиони евра, вклучувајќи 5.2милиони префрлени од Фондот за западен балкан на ЕБОР, во почетокот на работата на ВБИФ. Најголеми индивидуални кумулативни влогови до сега имаат Норвешка, Шведска, Австрија, Германија, Обединетото Кралство и Италија. Франција се приклучи во декември 2016 и моментално е ко-претседавач на ВБИФ.